РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА ИСЕЛЕНИШТВО

REPUBLIC OF MACEDONIA
DIASPORA COORDINATION BODY

# МОЈАТА ТАТКОВИНА
# МАКЕДОНИЈА

**- Македонски јазик**
**- Природа, општество и географија**
**- Музичко воспитание**

## КНИГА ПРВА

**Скопје, 2007**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

373.3.016:811.163.3(075.2)
373.3.016:913(497.7)(075.2)(=163.3)
373.3.016:78(075.2)=163.3

МОЈАТА татковина Македонија. - Скопје : Координативно тело за иселеништво, 2007. -стр. ; 24 см

ISBN 978-9989-2809-2-4

COBISS.MK-ID 71210250

# П Р Е Д Г О В О Р

Подолго време се чувствуваше потребата од изготовка на прирачник односно учебно помагало за дополнителната настава на и по македонски јазик ширум нашата дијаспора. Така се надминуваат сите оние импровизирани решенија што нашите наставници со години снаодливо, но и многу самопрегорно, ги создаваа во отсуство на соодветен учебник. Оттука, исклучително задоволство ми е да го претставам првиот дел од прирачникот „МОЈАТА ТАТКОВИНА МАКЕДОНИЈА“. Координативното тело за иселеништво го изготви во својата, условно речено, прва буџетска година или поточно кога Владата и Собранието на Република Македонија доделија посебни, наменски средства за проекти кои треба да ги адресираат потребите на нашата дијаспора, а по својот карактер се интерресорски.

Нагласката дека се работи за прв дел од Прирачникот е од едноставна причина што Бирото за развој на образованието специјално изготви наставна програма, а Министерството за образование и наука ја одобри. Во неа се опфатени четири наставни области: македонски јазик; природа, општество и географија (или едноставно - географија); музичко воспитание; и историја. Имајќи ја предвид обемноста на зафатот, Координативното тело одлучи првите три области да ги опфати со својата програма за оваа, 2007 година. Делот за историјата би се реализирал во 2008 година од повеќе причини. Бирото веќе подготвува наставна програма за историјата за заедниците во Македонија, а исклучително силен тренд во Европа е т.н. „метод на заедничко пишување на историјата“. Од друга страна, извесно е дека заслужува да се направи напор да се опфати и историскиот развој на определен број македонски заедници во дијаспората, барем како почетен чекор.

Од практичен аспект, наставните области се поделени на три потцелини во зависност од возрасната категорија на учениците: 1-3 одделение, 4-6 одделение и 7-9 одделение. Идејата на ваквата категоризација е своевиден прагматизам. Имено, свесни сме дека во редица наши заедници во дијаспората не може да се формираат т.н. „чисти“ паралелки. Тоа често создава извонредни тешкотии за

наставниците соодветно да ја организираат наставата. Верувам дека овој методолошки пристап ќе го реши и ова прашање. Истовремено ќе им овозможи на постарите генерации, дали помагајќи им на помладите или само за да „фрлат око“, да имаат одличен преттекст за обновување на евентуално подзаборавеното знаење. Тоа особено се однесува на т.н. „Втора генерација“ која немала прилика да ја посетува дополнителната настава за да ги открие „тајните“ на мајчиниот јазик и на татковината на своите родители.

На крајот, гледајќи дека авторите на ракописите ги уважиле модерните трендови во учебникарството и текстовите не се преоптоварени со факти и бројки, ми дава основа да верувам дека со првиот дел од овој Прирачник не само што се задоволува една базична, едукативна потреба, туку и се поттикнува еден вид интелектуална љубопитност за родната грутка - Македонија.

Зоран ПЕТРОВ
Заменик-министер за надворешни работи
на Република Македонија



# БЛАГОДАРНОСТ

Првиот дел од прирачникот/учебно помагало „МОЈАТА ТАТКОВИНА МАКЕДОНИЈА“ претставуваше мошне сериозен предизвик за целиот состав на Координативното тело за иселеништво (КТИ) и, оттука, би сакал да им упатам изрази на благодарност до г. Тахир ШАКИРИ, државен советник во Министерството за финансии; г-а Вера КОЛЕВСКА, државен советник во Министерството за образование и наука; г-а Ирина КРОТКОВА, раководител на одделение во Министерството за култура; г-а Јулијана ГЕОРГИЕВСКА, раководител на одделение во Министерството за правда; г-а Валдета ВУКЕЉ, советник во Министерството за труд и социјална политика, како и г. Тане ДИМОВСКИ, советник во Агенцијата за млади и спорт.

Посебно би сакал да ги истакнам напорите на членот на КТИ, г-а Вера КОЛЕВСКА, државен советник во Министерството за образование и наука и нејзините колеги - г. Љупчо СПАСОВСКИ од Министерството и г. Таше СТОЈАНОВСКИ од Бирото за развој на образованието, како и на моите колеги од Министерството за надворешни работи - г. Данчо МАРКОВСКИ, г. Реџеп САЛИУ и г. Стево СИМСКИ.

И во оваа публикација КТИ ја примени „новината“ нашата дијаспора преку свои претставници активно да учествува во изработката и, на тој начин, Прирачникот да биде што е можно повеќе приспособен на реалноста во која треба да се имплентира. Оттука, посебно им благодариме за одличните забелешки и сугестии на консултантите-наставници реализатори на дополнителната настава во Швајцарија - г-а Маја РИСТЕВСКА и во Словенија - г. Зекирија ШАИНОВСКИ.

Сашко ТОДОРОВСКИ
претседавач на
Координативното тело за иселеништво

